







## ОД БУЏЕТИРАЊЕ ДО ИМПАКТ:

# ДОБРИ ОПШТИНСКИ ПРАКТИКИ ОД РОДОВО ОДГОВОРНИ ПОЛИТИКИ И БУЏЕТИРАЊЕ

UN WOMEN

ОПШТИНА
# БИТОЛА

# УРИВАЊЕ НА БАРИЕРИТЕ: ПАТ КОН ЕДНАКВОСТА

Бети Булаковска (49), Лидија Вељановска (42) и Симона Јовевска (35) водат иста борба – да функционираат во свет во кој нивните потреби се запоставени поради нивната попреченост. Според Симона, да нема соодветен физички пристап не е само непријатност туку и секојдневен потсетник за нејзината исклученост. „Без физички пристап ве оставаат под скалите на зградата", сподели Симона само еден пример како се чувствува во слични ситуации.



Во Општина Битола 1.400 лица со попреченост секојдневно се соочуваат со предизвици што ги спречуваат физички да пристапат до зградите на Општината, до културните и образовните институции, детските градини, училиштата, работните места и домовите. Постои потребата од средини со физички пристап и опции за превоз затоа што тоа се некои од пречките кон нивна целосна општествена и економска инклузија. Оттаму, со цел да се обезбеди еднаквост на сите граѓани, приспособувањето на националните и на локалните буџети преку родово одговорно буџетирање би придонело во надминувањето на некои од наведените предизвици и би ги намалило структурните нееднаквости помеѓу различни групи во општеството.

Општина Битола ја препозна сериозноста на проблемот и направи значаен исчекор во 2011 година со доделување на значителен дел од буџетот – 11 милиони денари – за уривање на бариерите и промовирање на инклузивноста.

Оваа иницијатива, наречена „Градење мостови“, имаше цел да го преуреди општинскиот пејзаж така што ќе обезбеди физички пристап до институциите, домовите и улиците во Општината и да се погрижи граѓаните, како Бети, Лидија и Симона, да можат лесно и достоинствено да се движат низ градот, како и да докаже дека пристапот не е привилегија, туку право. Во согласност со Агендата за одржлив развој 2030, Битола ја потврди својата посветеност да осигури попреченоста никогаш да не претставува пречка во развојот на човековите права. Заложбите на Општината им се посветени на различни потреби. Од субвенции за адаптации на домовите до пристапни училишта и културни институции, приспособување на студентскиот дом, бесплатен паркинг за граѓаните со попреченост, при што секоја мерка ѝ дава приоритет на еднаквоста. И во 2024 година Општината продолжи да доделува средства за приспособување на инфраструктурата, со одвојување на дополнителни 510.000 денари за оваа цел.





За Бети, Лидија и Симона овие мерки не се обични политики, туку претставуваат помош во животот, ја враќаат самодовербата и овозможуваат убави моменти, како што е венчавката на Симона во објектот на Општината. Битола ѝ дава приоритет на инклузивноста, така што не само што гради инфраструктура туку и негува култура на зајакнување, каде што секој граѓанин има глас во обликувањето на својата иднина. Сепак, продолжува патот кон целосна инклузивност. Во Битола, со секоја буџетска мерка, патот кон еднаквоста не е идеал на хоризонтот туку опиплива реалност, создадена со соработка, сочувство и посветеност на градењето подобро општество за сите.



Фотографија: Обезбедена од Општина Битола

ОПШТИНА
# НОВАЦИ

# ОД ЦЕНТАР ЗА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ ДО ДЕТСКА ГРАДИНКА: ПОДДРШКА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ МАЈКИ ВО НОВАЦИ

Марија Симовска Трајчевска од Општина Новаци е мајка на две момчиња. Породилното отсуство за помладиот син ѝ завршува и се соочува со реалноста дека наскоро ќе мора да се врати на работа. Бидејќи нема кој да ѝ го чува синот во текот на денот, ја мачат предизвиците од балансирањето меѓу нејзините обврски како мајка и професионалните должности. Марија, како и голем број мајки од нејзината заедница, се бори со недостиг на адекватна инфраструктура за дневен престој што не влијае само врз нејзината можност да работи туку и претставува огромен товар истовремено да се грижи за децата и да обезбедува егзистенција за семејството. „Убедена сум дека мајките не се вработени само поради недостигот на можности туку и недостиг на луѓе што би се грижеле за малите деца", рече Марија.

Фотографија: Обезбедена од Општина Новаци

Последниве десет години Општина Новаци располага со објект за дневен престој на деца, но овозможени се услуги во времетраење од само два и пол часа дневно. Жителите, особено жените, бараат од Општината да отвори детска градинка во која ќе се обезбедува неопходната педагошка нега на децата. Жените што живеат во рурални подрачја, како што е Општина Новаци, каде што земјоделството е примарен извор на приходи, често секојдневно работат дури и по повеќе од осум часа. Нивниот пристап до можностите за вработување значително се ограничени затоа што немаат на располагање соодветни услуги за згрижување на децата.



Општината ги препозна итните потреби на мајките, како што е Марија, секако и на поширoката заедница поради што центарот за дневен престој „Бамби" го трансформира во целосно опремена детска градинка. Целта е градинката да обезбедува осумчасовен дневен престој (вклучително и храна, педагошка програма и други услуги) за 50 деца на возраст од две до шест години. За сонот да стане реалност, Општината издвои 5,2 милиони денари од буџетот. Од една страна, отворањето на градинката „Бамби" во 2020 година, по неколкугодишна реконструкција, ги зголеми самодовербата и сигурноста на мајките кога се запиша првата група деца. Од друга страна, оваа иницијатива ќе резултира со подобар развој на децата, ќе ги подготви за претстојните училишни години, ќе придонесе за подобра семејна динамика и севкупно ќе донесе придобивки за целата Општина Новаци. „Среќна сум што Општината ги имаше предвид приоритетите за кои говорев многу години и што донесе вистинска одлука – да додели средства за отворање градинка. Ова претставува големо олеснување за мене лично затоа што ми завршува породилното отсуство и мора да се вратам на работа. Сега имам една грижа помалку, а верувам дека тоа е случај и со други мајки што се во слична ситуација", изјави Марија.

Трансформацијата на центарот „Бамби" во детска градинка ќе има значително влијание врз Марија и многу други мајки, како и нивните пријатели, семејства и соседи. Сите ќе имаат придобивки од сигурна и достапна опција за згрижување за нивните најмали. Општината бара начини како да го зголеми бројот на деца што ќе може да одат во градинка. Прв чекор кон тоа е вработените родители од Новаци да ги запишат своите деца во „Бамби". Следниот чекор е процена на можностите за вклучување на повеќе деца од околните села.






## ОПШТИНА КОЧАНИ

# „ЗАЕДНО СЕ ГРИЖИМЕ“ МОБИЛНА УСЛУГА ЗА ЗДРАВСТВЕНИ И СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Голем број постари лица живеат во рурални и изолирани подрачја во Општина Кочани и имаат ограничен пристап до потребните медицински и социјални услуги. Повеќето од овие постари лица, особено жените, немаат доволно пристап до основните социјални и здравствени услуги. „Со жена ми живееме сами во нашата куќа во селото. Децата го напуштија селото и нема кој да се грижи за нас, да ни помага“, вели еден локален жител од руралните подрачја во Општина Кочани.

Општината констатира дека голем број од граѓаните се соочуваат со слични околности и донесе одлука да формира мобилен тим со задача да обезбедува социјални и здравствени услуги директно во домовите на руралните жители. Тимот се состои од четири медицински сестри и двајца социјални работници, под водство на координатор назначен од Општината. Овој тим покрива три општини: Кочани, Чешиново–Облешево и Зрновци. Покрај примарните услуги, тимот активно ги идентификува поединците и семејствата во руралните подрачја што имаат суштинска потреба од поддршка и овие круцијални податоци ги споделува со Општината, со цел да се олеснат идните заложби за планирање и интервенции.





Во текот на 2020 и 2021 година тимот обезбедуваше и препораки за граѓаните што беа во изолација поради КОВИД-19, какви хигиенски мерки да преземат, како да ги препознаат и следат симптомите, даваше информации за ризичните категории граѓани за неопходните мерки за заштита од вирусот, а обезбедуваше и директен контакт со матичните лекари на пациентите. Овој тип мобилна услуга што ја овозможи Општината претставува нов модел за социјални и здравствени услуги за граѓаните што живеат во непристапни и изолирани подрачја и се соочуваат со социјални, економски и здравствени предизвици.

Во 2021 година 50.000 денари од општинската Програма за социјални, детски и здравствени услуги беа наменети за функционирањето на мобилната услуга, со цел таа да се прошири во 2023 година. Општинската болница ја обезбедува потребната медицинска опрема. Од воспоставувањето до 2024 година тимот опслужил 2.067 пациенти (742 мажи и 1.325 жени), им помогнал на најмалку 1.648 домаќинства и идентификувал околу 350 домаќинства со специфични здравствени и социјални ризици. Пациентите што ја користат оваа мобилна услуга се задоволни затоа што институциите не ги заборавиле, иако живеат надвор од градот. „Ова е една од најдобрите работи што ни се случиле. Благодарни сме им на луѓето што препознаваат дека имаме потреби, дека ни е потребна помош, но и дека некој е подготвен да нѐ сослуша. Тоа многу ни значи“, вели пациент на мобилниот сервис. Денес услугата е проширена и за стари лица во нивните домови, со тим од 16 негувателки што нудат услуги за поддршка.

Со оваа мобилна услуга Општината оформи нов модел за социјални и здравствени услуги за граѓаните што живеат на непристапни и изолирани подрачја и се соочуваат со социјални, економски и здравствени ризици. Работата на тимот за мобилни услуги беше претставена како успешен пример во други земји во регионот, а се очекува ваква услуга да се воведе и во Босна и Херцеговина.

Фотографија: Обезбедена од Општина Кочани







ОПШТИНА
ЧАШКА

# НЕГА НА ИДНИНАТА: ИНИЦИЈАТИВА ЗА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО ЧАШКА

Родителите од Општина Чашка се соочуваа со ризик да немаат пристап до адекватни услуги за згрижување на децата поради ограничените капацитети на единствената градинка на тоа подрачје. Во 2018 година Општина Чашка ја користеше инфраструктурата на една градинка од Велес за да обезбедува услуги за згрижување на децата на своите жители. По неколку години градинката го исполни максималниот капацитет и повеќе не можеше да ги задоволи потребите на жителите. „Моите деца се во постојната група во градинката, но проблем е фактот дека други родители не можат да ги запишат своите деца затоа што нема место“, рече Ивана Станковска, мајка од Општина Чашка.





Бидејќи градинката брзо го достигна капацитетот, се појави ризик за неможност за достапна грижа за идните генерации деца. Ситуацијата предизвика сериозни предизвици за семејствата, особено за мајките што имаа потреба од згрижување на децата во текот на денот. Мајките истакнуваа дека не е в ред да се нуди згрижување на само неколку десетици деца и апелираа до Општина Чашка да изнајде трајно решение.

Општина Чашка ги прифати барањата на мајките и започна процес за основање на градинката „Бамби“. За да се реализира овој проект, постојните објекти на Општината беа реновирани и опремени за детска градинка и по добивањето соодветна дозвола од Министерството за труд и социјална политика почна да работа 2020 година.

Две невработени жени од Општината со лиценци за учителки беа вработени во градинката за да помагаат во нејзината секојдневна работа. Во објектот првично беше сместена група деца на различна возраст, од две до шест години, но капацитетот беше само за 20 деца. Но во 2023 година Општината успешно го удвои капацитетот на објектот за згрижување на децата, така што сега околу 40 деца уживаат во придобивките од услугите на градинката.

Градинките ги зајакнуваат жените така што ги олеснуваат нивните одговорности за нега на децата, им овозможува поголемо учество во работната сила, како и финансиска независност. Тие поттикнуваат и социјална инклузија помеѓу децата преку можности за вмрежување и интеракција, промоција на градење позитивни меѓусебни односи и развој на социјални вештини.

Фотографија: Обезбедена од Општина Чашка



ОПШТИНА
# АЕРОДРОМ

# НАТПРЕВАРОТ ПОЧНА!
# СПОРТ ЗА СИТЕ

Во срцето на Општина Аеродром женскиот ракометен клуб „Вардар“, основан во 1951 година, продолжува да ги инспирира идните генерации спортистки. Со традиција на успеси, остварувањата на „Вардар“ служат како крајна надеж за голем број девојки од Аеродром што сонуваат да стапнат на теренот, со гордост да го носат дресот на тимот и да оставаат свој белег во спортот. Сепак, покрај сите триумфи, женскиот спорт историски не добива доволно средства и останува во сенката на машкиот. Како што истакнува Гордана Нацева Бошева, спортистка и претседателка на „Вардар“: „Додека машките тимови, како нашата кошаркарска екипа, уживаат силна видливост и поддршка, на женските спортови сè уште им е потребен иконски симбол што ќе ги претставува нивната сила и нивниот потенцијал.“

Фотографија: Обезбедена од Општина Аеродром

Откако го слушна гласот на своите жители и го препозна неискористениот потенцијал во женскиот младински спорт, Општина Аеродром настапи решително. Во периодот од 2019 до 2021 година Општината издвои 300.000 денари за поддршка на женските кошаркарски и ракометни клубови. Оваа поддршка, според Нацева Бошева, е од клучна важност: „Ме охрабрува фактот што гледам дека Општината му дава приоритет на развојот на женскиот спорт. Првпат во 2022 година Општината дури објави јавен повик за понатамошна поддршка на женските спортски клубови – чекор без преседан.“ Инвестицијата не остана само на финансиска поддршка. Беа воведени низа стратегиски мерки, од обезбедување квалитетна спортска опрема и дресови за девојчињата до покривање на членарината за аспиранти спортистки од социјални семејства. Овие иницијативи не само што ја трансформираа спортската сцена туку и животите на младите девојки во Аеродром.




Заложбите на Општината постигнаа успех во 2019 година со формирањето на првиот женски кошаркарски тим. Денес бројот на женски спортски клубови и понатаму е во пораст, а тоа е одраз на зголеменото учество на девојките желни да ги остварат своите атлетски соништа. Посветеноста на Општината за вклучување на родовата еднаквост во спортот блеска и во нејзиното годишно признание за извонредни спортистки. Во 2021 година Општината одликуваше една ѕвезда во подем, со признание за успешна спортистка и пример за идните генерации.

Последователните ефекти од таквите иницијативи се јасни, така што Аеродром не само што го поддржува женскиот спорт туку и менува животи и создава нови патеки за извонредни успеси на девојките. Општината продолжува да урива бариери, а пораката е јасна: Натпреварот почна – а овој пат тоа важи за сите.





Родово одговорното буџетирање (РОБ) претставува трансформативен пристап за планирање, подготовка и следење на буџетите во кој се земаат предвид различните потреби и искуства на жените и мажите и чија цел е да се унапреди родовата еднаквост преку распределбата на буџетот и одлуките за политики. Во текот на изминатата деценија, напорите на UN Women доведоа до институционализација на РОБ, со вградување на родовите аспекти во креирањето политики и буџетирањето на регионално и на национално ниво. Со овие иницијативи се зајакнаа ранливите заедници и се зголеми отчетноста во трошењето на јавниот буџет, а истовремено се разви група стручни лица во областа на РОБ.

Во првата фаза од проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", UN Women оствари соработка со 31 општина во Северна Македонија со цел да се подобри животот на различни групи жени и мажи. Со менторирање и поддршка на локалните власти, граѓанските организации и локалните жени, проектот овозможи подготовка, спроведување и следење на родово одговорни буџети и политики. Координаторите за еднакви можности во општините играат клучна улога во унапредувањето на родовата еднаквост и вклучувањето на родот во креирањето локални политики, со обука и менторство од UN Women.

Во оваа публикација се претставени успешни приказни со кои се истакнува вистинското влијание на РОБ во различни заедници. Станува збор за пет приказни од општините поддржани од UN Women во изминатите четири години, со кои се истакнува како РОБ помага да се надминат родовите нееднаквости, со тоа што ја подобрува распределбата на средствата и спроведувањето услуги за жените, мажите и ранливите групи. Овие искуства од прва рака даваат вредни сознанија и претставуваат инспирација за креаторите на политики, практичарите и застапниците посветени на унапредување на родовата еднаквост и зајакнување на жените преку поинклузивно буџетирање и донесување одлуки. Влијанието на проектот сега ќе се прошири така што работата со овие општини ќе продолжи, а исто така ќе се вклучат уште десет други во втората фаза.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Sweden Sverige

UN WOMEN

Оваа брошура е подготвена и објавена во рамките на проектот на UN Women „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија – Фаза 2" финансиран од Швајцарија и програмата „Промовирање на родово одговорно управување во Република Северна Македонија" финансирана од Шведска.

Ставовите изразени во публикацијата се на авторите и не мора да ги претставуваат ставовите на UN Women, Обединетите нации или на нивна поврзана организација, ниту на Швајцарија и Шведска како донатори.